# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО
**22.01.2024 год.** **Бр.I**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 39-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 18.01.2024 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 39-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 22.01.2024 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.09-123/1 од 22.01.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 39-та седница, одржана на 18.01.2024 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 38-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 22.12.2023 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).
**Бр.08-64/3 од 18.01.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 32 став 2 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.244/19; 53/21; 77/21; 150/21 и 173/22) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 18.01.2024 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2023 год. до 31.12.2023 год.**

1. СЕ УСВОЈУВА кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2023 год. до 31.12.2023 год.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-64/4 од 18.01.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 24 од Законот за јавна чистота ( “Сл.весник на РМ” бр. 111/08; 64/09; 88/10; 130/10; 23/11; 53/11; 47/12; 80/12; 163/13; 44/15; 147/15; 31/16 и „Сл.весник на РСМ“ бр.122/21), и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл. гласник на Општина Крушево”,бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 18.01.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на надоместокот за одржување на јавната чистота во Општина Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува надоместокот за одржување на јавната чистота на јавните површини во Општина Крушево, по висина, начин на плаќање како и мерни единици по кои би се наплаќал.

**Член 2**

Висината на надоместокот за одржување на јавната чистота на јавните површини од членот 1 на оваа Одлука по мерни единици се утврдува на следниот начин:

- за сопствениците, односно корисниците на објекти за домување месечниот надоместок за одржување на јавната чистота на јавните површини се утврдува на 50,00 денари по домаќинство;
- за сопствениците односно корисниците на објекти за домување годишниот надоместок за одржување на јавната чистота на јавните површини се утврдува на 250,00 денари по домаќинство;
- за правните лица сопственици односно корисници на објекти за вршење на стопански и нестопански дејности со корисна површина на објектот до 50м2 се утврдува месечен надоместок од 40,00 денари по објект и по 10,00 денари по вработен;
- за правните лица, сопственици, односно корисници на објекти за вршење на стопански и нестопански дејности со корисна површина на објектот од 50 м2 до 100м2 се утврдува месечен надоместок од 120,00 денари по објект и по 10,00 денари по вработен,
- за правните лица, сопственици односно корисници на објекти за вршење на стопански и нестопански дејности со корисна површина на објектот над 100,00 м2 се утврдува месечен надоместок од 250,00 денари по објект и по 10,00 денари по вработен.

**Член 3**

Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота ќе се врши преку доставување на сметката за собирање и транспортирање на комунален отпад и на другите видови на неопасен отпад, а ќе се прикажува одвоено на сметката

**Член 4**

Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општината и се користат за финансирање на работите на јавната чистота .

**Член 5**

Правата и обврските помеѓу општината и јавното комунално претпријатие, како давател на услугите, ќе се уредат со Договор.

Договорот од ставот 1 на овој член може да се склучи најмногу за период од четири години.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-64/11 од 18.01.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 и 8 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Сл.весник на РСМ” бр.275/19; 82/20; 89/22 и 274/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 18.01.2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на програмата за работа на ЈП “Комуна” Крушево за 2024 година**

1. Советот на Општина Крушево, ја усвојува програмата за работа на ЈП “Комуна” Крушево за 2024 година, бр.01-219/1 од 14.12.2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-64/12 од 18.01.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19; 82/20; 89/22 и 274/22) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 18.01.2024 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за давање на Согласност на ценовникот на услугите на ЈП „Комуна“ Крушево**

1. Советот на Општина Крушево, дава Согласност на ценовникот на услугите на ЈП „Комуна“ Крушево бр.02-236/8 од 26.12.2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-64/13 од 18.01.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 и 8 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Сл.весник на РСМ” бр.275/19; 82/20; 89/22 и 274/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 18.01.2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на финансискиот План на ЈП “Комуна” Крушево за 2024 година**

1. Советот на Општина Крушево, го усвојува финансискиот План на ЈП “Комуна” Крушево за 2024 година, бр.05-220/1 од 14.12.2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-64/14 од 18.01.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 3 и член 94 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 18.01.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на „ Локален акциски пан за управување со отпад на Општина Крушево за 2024-2025 година“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува „Локален акциски план за управување со отпад на Општина Крушево за 2024-2025 година “.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е интегралниот текст на „Локален акциски план за управување со отпад на Општина Крушево за 2024-2025 година“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево“.

**Бр.08-64/15 од 18.01.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 46 став 1 алинеја 1, став 2 алинеја 1 од истиот член од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 30 став 1 алинеја 1 и став 2 алинеја 1 од истиот член од Статутот на Општина Крушево (“Сл.глесник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата оджана на 18.01.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за констатирање престанок на мандатот на член на Советот на Општина Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се констатира престанок на мандатот на членот на Советот на Општина Крушево, Фросина Николоска од Крушево, член на Советот од листата на Коалицијата „Најдоброто за моја општина“ предводена од СДСМ, поради поднесена оставка.

**Член 2**

Мандатот на член на Советот му престанува од денот на одржување на седницата, т.е. сметано од 18.01.2024 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-64/16 од 18.01.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15 и 209/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19; 53/21; 77/21; 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), член 93 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16; и 11/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20; 215/21 и 99/22), одредбите на Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/2023) и одредбите од поединечниот колективен договор на Општина Крушево бр.01-305/1 од 24.02.2023 година и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крушево (“Службен гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на 39-та седница одржана на 18.01.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2024 годиа бр.08-1249/8 од 22.12.2023 година, со тоа што во преамбулата кај законот за административни службеници во заградата се бришат броевите „80/16“, „127/16“, „2/17“ и „16/17“.

**Член 2**

Во член 14 став 1 се менува и гласи „ вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 60% од износот на просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена во последните три

месеци, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот“

Се брише став 2 од истиот член.

**Член 3**

Во член 16 став 7 потставката „413110-тековни резерви“ се менува и гласи потставка „464990-други трансвери“.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Крушево”, а ќе се применува од 01 Јануари 2024 година.

**Бр.08-64/17 од 18.01.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 126 и 127-а од Законот за заштита на децата (“Сл.Весник на РМ” бр.23/2013,12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22 ) и член 62 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на ВД Директор во**
**ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево**

1. ДАНИЕЛА ДОАГА од Крушево ул.„Нико Доага„бр.44, дипломиран воспитувач се разрешува од функцијата ВД Директор на ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево заради истек на мандатот за кој е именувана.

2. ДАНИЕЛА ДОАГА од Крушево, ул.„Нико Доага„бр.44, дипломиран воспитувач се именува за ВД Директор на ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево.

3. Мандатот на ВД Директорот трае до избор на нов директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на неговото именување.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 17.01.2024 година.

5. Примерок од Решението да се достави до именуваната, ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево и Архивата на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

На ВД Директорот на ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево, именуван со Решение бр.09-766/2 од 06.07.2023 година му престана функцијата ВД директор заради истек на мандатот за кој е именувана.

Согласно член 126 и 127-а од Законот за заштита на децата, Градоначалникот именува ВД Директор од редот на вработените кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување на нов директор, најмногу до 6 (шест) месеци од денот на неговото именување. ВД Директорот именуван согласно член 126 и 127-а од Законот за заштита на децата не е должен да поседува лиценца за директор и да поседува еден од меѓународно признати сертификати или уверение за активно познавање на странски јазик.

Врз основа на горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се реши како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 8 (осум ) дена од приемот на истото до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.09-66/1 од 12.01.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 123 став 1 од Законот за заштита на децата (“Сл.Весник на РМ” бр.23/2013; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18 и “Службен весник на Р.С.М.” бр.104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

## О Д Л У К А
**за објавување на Јавен оглас во ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира начинот за објавување на Јавен оглас за избор на директор во ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево.

**Член 2**

Управниот одбор на Детската градинка потребно е да објави Јавен оглас за избор на директор на Детската градинка.

**Член 3**

Во Јавниот оглас да се утврдат условите кои треба да ги исполни кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на Јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

Јавниот оглас да се објави во јавните гласила, т.е во два дневни весници.

Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи согласно со огласот до Управниот одбор.

**Член 4**

Управниот одбор на Детската градинка „Гонча Туфа" по претходно спроведена постапка, во рок од 7 дена од извршениот разговор со кандидатите на Градоначалникот му предлага еден кандидат за избор на директор.

Градоначалникот на Општина Крушево во рок од 15 дена од денот на добивање на предлогот врши избор на директор.

**Член 5**

При спроведување на постапката Управниот одбор да ги почитува одредбите од Законот за заштита на децата и одредбите од Статутот на Детската градинка.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-66/2 од 12.01.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**Ре.бр. стр.**

1. Заклучок за објавување на актите донесени на 39-та седница на Советот на Општина Крушево ..1
2. Заклучок за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година ................................................................. 1
3. Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Крушево за 2024 година ........ 1
4. Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Крушево за 2024 година ..1
5. Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2024 година .2
6. Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година .................2
7. Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Крушево за 2024 година ...................................... 2
8. Програма за одржување на јавната чистота во Општина Крушево за 2024 година ...................... 2
9. Одлука за утврдување на надоместокот за одржување на јавната чистота во Општина Крушево ............................................................... 2
10. Заклучок за усвојување на програмата за работа на ЈП „Комуна" Крушево за 2024 година ............ 3
11. Заклучок за давање Согласност на ценовникот за услугите на ЈП „Комуна" Крушево ................... 3
12. Заклучок за усвојување на финансискиот План на ЈП „Комуна" Крушево за 2024 година ............. 3
13. Одлука за усвојување на „Локалниот акциски план за управување со отпад на Општина Крушево за 2024-2025 година" .......................................... 4
14. Одлука за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Крушево .......... 4
15. Одлука за изменување и дополнување на одлуката за извршување на буџетот на Општина Крушево за 2024 година .................................... 4
16. Решение за разрешување и именување на ВД директор во ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево ...... 5
17. Одлука за објавување на јавен оглас во ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево .................................... 6

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КРУШЕВО**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Бр.08-64/9**
**18.01.2024 година**
**КРУШЕВО**

# П Р О Г Р А М А

## ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2024 ГОДИНА

Врз основа на член 99 став 1 точка 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 90/20, 101/21 и 153/23), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), и член 21 став 1 точка 9 од Статутот на општина Крушево („Службен гласник на општина Крушево” бр. 1/07, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на општина Крушево на седницата одржана на 18.01.2024 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А

**за работа во областа на располагањето со градежно земјиште**

**во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето**

**на општина Крушево за 2024 година**

**ВОВЕД:**

**Општ дел**

Согласно Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 90/20, 101/21 и 153/23), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите физички и правни лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес на Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежното земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежното земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска/проектна документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план/проект или урбанистичка планска документација и може да се состои од една или повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен или краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

## А. Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Крушево, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарската 2024 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичко планска документација и урбанистичко проектна документација.

Во годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територијата на градот Крушево, скијачкиот центар “Мусица” и скијачкиот центар “Станич”, Соларна електрана на м.в. Гумова чешма и индустриска зона “Опаленик”.

## Б. Основи за изработка на Програмата

**Законски основ**

Законски основ на Програмата за располагање со градежното земјиште се:

- Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 90/20, 101/21 и 153/23);

- Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02);

- Статутот на општина Крушево - („Службен гласник на општина Крушево” бр.1/07, 16/14, 7/19 и 7/20).

**Основни плански документи**

-Програма за изработка на урбанистички планови

- SWOT анализа на Крушевскиот микро регион

- Анкета за бизнис- клима во Крушевскиот регион

- Други стратешки документи

## 1. Цели на Програмата

### 1.1. Општи цели на програмата

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

### 1.2. Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

Заинтересираните граѓани за изградба во сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

## 2. Обем и преглед на градежно замјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)

Со оваа Програма се опфатени парцели од градежно земјиште кое е исклучиво во сопственост на Република Северна Македонија, односно не се земени во предвид парцели на кои покрај Република Северна Македонија има и друг сопственик, односно парцели кои што до донесување на програмата се идентификувани како такви.

### 2.1. Графички прилог со одбележани градежни парцели што ке бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет,идентификувани со број на градежни парцели :

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ОПШТИНА КРУШЕВО | | |
| | ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА | ГП 1.1 | Архитектонско-урбанистички проект за спојување на градежни парцели 1.1 и 1.2 во УПВНМ за индустриска зона ОПАЛЕНИК, КО Алданци, општина Крушево |

Архитектонско – Урбанистички проект

за спојување на градежни парцели 1.1 и 1.2 во

УПВНМ за индустриска зона ОПАЛЕНИК,

КО Алданци, општина Крушево

Градежни парцели што ќе бидат предмет на оттуѓување по пат на јавно наддавање

1. Информации за градежна парцела: Архитектонско - Урбанистички проект за спојување на градежни парцели 1.1 и 1.2 во УПВНМ за индустриска зона ОПАЛЕНИК, КО Алданци, општина Крушево

Нумерација на градежна парцела бр. 1.1

Група на класи на намени - Г2 – лесна и незагадувачка индустрија

Основна класа на намени - Г2

Компатибилни класи на намени - Б1, Б2, Б4, В2, Г3, Г4, Д2, Д3, Д4 (49%)

Површина на градежна парцела ($м^2$) – 33012 $м^2$

Максимално дозволена површина за градба ($м^2$) – 24467 $м^2$

Висина на хоризонтален венец – со АУП

Катност - АУП

Процент на изграденост - 70 %

Коефициент на искористеност - со АУП


1,0 7,0 1,0
9,0
Регионален пат Р1306 Прилеп - Крушево
2,0 7,0 2,0
11,0
Индустриска улица „1"
1259
1285
1266/1
1266/2
1266/3
1282/2
1274/1
СП

| | ОПШТИНА КРУШЕВО | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА | ГП 7.1 | ДУП – дел од блокови 7,8,9 и 11 | 48 м$^2$ |

Детален преглед на градежни парцели

(по населено место и по урбанистички план)

Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање:

1.Информации за градежна парцела: ДУП дел од блокови 7,8,9 и 11 - Крушево

Нумерација на градежнапарцела ГП 7.1

Група на класи на намена Б

Основнакласа на намена Б 1- мали комерцијалнии деловни намени

Компатибилни класи нанаменана основната класа на намена Б4 (мах.20%) Висина на хоризонтален венец 4.00 м1

Катност П

Површина на градежната парцела 48 м2

Површина на градба 48 м$^2$

Бруто развиена површина 48 м$^2$

Процент на изграденост 100 %

Коефициент на искористеност на земјиштето 1.00

Потребен број на паркинг места 0



| | ОПШТИНА КРУШЕВО | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА | ГП 7.4 | ДУП – дел од блокови 7,8,9 и 11 | 48 м$^2$ |

Детален преглед на градежни парцели

(по населено место ипо урбанистички план)

Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање:

<u>1.Информацииза градежна парцела: ДУП дел одблокови7,8,9 и11 - Крушево</u>

Нумерација на градежна парцела ГП 7.4

Групанакласи на намена Б

Основна класа на намена Б1- мали комерцијални и деловни намени

Компатибилни класи на намена на основната класана намена Б4 (мах.20%)

Висина на хоризонтален венец 4.00м1

Катност П

Површина на градежната парцела 48 м2

Површина на градба 48 м2

Бруто развиена површина 48м2

Процентна изграденост 100 %

Коефициент на искористеност на земјиштето 1.00

Потребен број на паркинг места 0



| | ОПШТИНА КРУШЕВО | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА | ГП 9.6 | ДУП – дел од блокови 7,8,9 и 11 | 715 $м^2$ |

Детален преглед на градежни парцели

(по населено место и по урбанистички план)

Градежни парцели што ќе бидат предмет на оттуѓување по пат на јавно наддавање:

1.Информации за градежна парцела: ДУП дел одблокови 7,8,9 и11 - Крушево

Нумерација на градежна парцела ГП 9.6

Групанакласи на намена - Г

Основнакласа на намена Г3 - сервиси

Компатибилни класи на намена на основната класана намена Б1, Б2, Д2, Г2, Г4 (30%)

Висина на хоризонтален венец 12.00м1

Катност П + 2

Површина на градежната парцела 715 м2

Површина наградба 367 м2

Бруто развиенаповршина 1100 м2

Процентна изграденост 51 %

Коефициент на искористеност на земјиштето 1.54

Потребен број на паркинг места 11



Архитектонско – Урбанистички проект

за соларна електрана на ГП 1, на КП 2435, 2436, 2455, 2456, КО Крушево, м.в.Гумова чешма, Општина Крушево

Градежни парцели што ќе бидат предмет на оттуѓување по пат на јавно наддавање:

1. Информации за градежна парцела: Архитектонско - Урбанистички проект за соларна електрана на ГП 1, на КП 2435, 2436, 2455, 2456, КО Крушево, м.в. Гумова чешма, Општина Крушево

Број на градежна парцела - ГП 1.1

Површина м² - 21,004.95

Површина за градба м² - 14,261.43

Развиена површина за градба м² - 14,261.43

Х мак. висина до венец м¹ - /

Спратност - /

Процент на изграденост на ГП - ПИ - 68 %

Коефициент на искористеност на ГП –КИ – 0,68

Паркинг места ( број во ГП) - /

Намена на градбите – Г2 – соларна електрана до 1MW

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Број на градежна парцела - ГП 1.2

Површина м² - 24,399.10

Површина за градба м² - 14,819.82

Развиена површина за градба м² - 14,819.82

Х мак. висина до венец м¹ - /

Спратност - /

Процент на изграденост на ГП - Пи - 61 %

Коефициент на искористеност на ГП –КИ– 0,61

Паркинг места ( број во ГП) - /

Намена на градбите – Г2 – соларна електрана до 1MW

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Број на градежна парцела - ГП 1.3

Површина м² - 20,472.80

Површина за градба м² - 14,472.29

Развиена површина за градба м² - 14,472.29

Х мак. висина до венец м¹ - /

Спратност - /

Процент на изграденост на ГП - ПИ - 71 %

Коефициент на искористеност на ГП –КИ– 0,71

Паркинг места ( број во ГП) - /

Намена на градбите – Г2 – соларна електрана до 1MW

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Број на градежна парцела - ГП 1.4

Површина м² - 22,486.00

Површина за градба м² - 14,556.74

Развиена површина за градба м² - 14,556.74

Х мак. висина до венец м¹ - /

Спратност - /

Процент на изграденост на ГП - Пи - 65 %

Коефициент на искористеност на ГП –Ки– 0,65

Паркинг места ( број во ГП) - /

Намена на градбите – Г2 – соларна електрана до 1MW

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Број на градежна парцела - ГП 1.5

Површина м² - 19,772.45

Површина за градба м² - 13,481.98

Развиена површина за градба м² - 13,481.98

Х мак. висина до венец м¹ - /

Спратност - /

Процент на изграденост на ГП - Пи - 68 %

Коефициент на искористеност на ГП –Ки– 0,68

Паркинг места ( број во ГП) - /

Намена на градбите – Г2 – соларна електрана до 1MW

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Број на градежна парцела - ГП 1.6

Површина м² - 21,938.20

Површина за градба м² - 14,064.72

Развиена површина за градба м² - 14,064.72

Х мак. висина до венец м¹ - /

Спратност - /

Процент на изграденост на ГП - Пи - 64 %

Коефициент на искористеност на ГП –Ки– 0,64

Паркинг места ( број во ГП) - /

Намена на градбите – Г2 – соларна електрана до 1MW

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Број на градежна парцела - ГП 1.7

Површина м² - 25,485.10

Површина за градба м² - 14,386.25

Развиена површина за градба м² - 14,386.25

Х мак. висина до венец м¹ - /

Спратност - /

Процент на изграденост на ГП - Пи - 56 %

Коефициент на искористеност на ГП –Ки– 0,56

Паркинг места ( број во ГП) - /

Намена на градбите – Г2 – соларна електрана до 1MW

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Број на градежна парцела - ГП 1.8

Површина м² - 21,710.20

Површина за градба м² - 14,496.33

Развиена површина за градба м² - 14,496.33

Х мак. висина до венец м¹ - /

Спратност - /

Процент на изграденост на ГП - Пи - 67 %

Коефициент на искористеност на ГП –Ки– 0,67

Паркинг места ( број во ГП) - /

Намена на градбите – Г2 – соларна електрана до 1MW

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Број на градежна парцела - ГП 1.9

Површина м² - 2,401.20

Површина за градба м² - 97.80

Развиена површина за градба м² - 97.80

Х мак. висина до венец м¹ - / 3.50

Спратност - / П

Процент на изграденост на ГП - Пи - 4 %

Коефициент на искористеност на ГП –Ки– 0,04

Паркинг места ( број во ГП) - / 5

Намена на градбите Б1- контролен контењер

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Број на градежна парцела - ГП 1.10

Површина м² - 896.50

Површина за градба м² - 235.00

Развиена површина за градба м² - 235.00

Х мак. висина до венец м¹ - / 5.00

Спратност - / П

Процент на изграденост на ГП - Пи - 26 %

Коефициент на искористеност на ГП –Ки– 0,26

Паркинг места ( број во ГП) - /

Намена на градбите Б3 – разводна постројка 35/0.4(КВ/КВ)




### 3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање односно претпоставување на заинтересираните страни за купување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи на земјиштето и идни инвеститори и претставуваат целна група на активностите од маркетинг стратегијата.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни.

Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни. Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финсиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

#### 3.1. Дефинирање на целни групи за одделни групи на градежни парцели

Согласно соодветно утврдената категоризација по категории во генералниот урбанистички план и деталните урбанистички планови на соодветен начин се дефинираат и утврдени целните групи за одделни градежни парцели и согласно нивниот интерес.

#### 3.2 Дефинирање на најефикасните марекетинг пристапи, алатки и канали

- организирање на форуми
- собири на граѓани
- рекламни спотови
- веб сајт информации

**3.3. Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата**

Имплементацијата на маркетинг стратегијата ке се врши континуирано се до реализација на Програмата.

**4. Динамика на реализација на Програмата**

**4.1. Турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси**

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за оттуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната Програма да се објават во турнуси.

Секој турнус ке опфати објава на огласи за градежните парцели што се наоѓаат во состав на одредени населени места, урбани блокови или локалитети. Динамиката на реализација ке се одвива согласно интересите и плановите на реализација на Буџетот на општина Крушево.

**4.2. Надлежност за реализација на Програмата**

Надлежност за спроведување на постапките за оттуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сосвеност на Република Северна Македонија има Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање која ке биде формирана од страна на Градоначалникот на општина Крушево согласно законот за градежно земјиште.

**5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на програмата (приходна страна на Програмата)**

Проценката на финснсиските приходи кумулативно за сите градежни парцели според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште е околу 3.000.000,00 денари.

**6. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата ги опфаќа проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ на администратирање на постапките за оттуѓување,

- трошоци по основ на експропријација,

- трошоци по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица и

- трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на оттуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште.

**7. Преодни и завршни одредби**

- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.

- За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крушево”.

Совет на Општина Крушево
Претседател,
Андреј Николоски

_____________________

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КРУШЕВО**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Бр. 08-64/5**
**18.01.2024 година**
**КРУШЕВО**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 14 став (4) од Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ“ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 169/2015, 31/16, 71/2016 и 163/16) и („Службен весник на РСМ“ бр.174/21), член 21 став (1) точка 12 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево“ бр.1/07, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 18.01.2024 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А
## з а изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Крушево за 2024година

**ВОВЕД**

Согласно надлежностите произлезени од законот за локална самоуправа и законот за јавни патишта, општина Крушево изготвува програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици на подрачјето на општина Крушево**.**

Со оваа програма се планират активностите на општина Крушево за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици на подрачјето на општина Крушево за 2024 година.

При изготвувањето на програмата се има во предвид дореализација на планирани активности од 2023 година, постојаната состојба на инфраструктурата, барања од граѓани, согледувања од општинската администрација и можностите за обезбедување на финансиски средства.

На планирањето, изградбата, реконструкцијата и инвестиционото одржување на јавните патишта и улици се применуваат прописите за градење и за урбанистичко планирање. Работите на изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта ги вршат општините. По извршената изградба или реконструкција на јавен пат/улица, на дел од јавен пат/улица или објект на патот, се врши технички прием согласно со Законот за градење, врз основа на кој се издава одобрение за употреба.

Согласно Законот за јавни патишта:

- Под изградба на јавен пат се подразбира изградба на патна инфраструктура на претежно нова траса;
- Под реконструкција на јавен пат се подразбира изведување на работи на дел на постојниот пат со кој се менуваат неговите основни карактеристики, со цел да се зголеми нивото на услугата на патот;
- Работи на редовно одржување се сите активности со кои патот континуирано се одржува во функционална состојба и безбедно одвивање на сообраќајот. Работи на зимско одржување се сите активности за обезбедување на сообраќајот во зимски услови. Работи на периодично одржување се сите активности кои повремено се

преземаат за продолжување на животниот век на патната инфраструктура. Работи на интервентно одржување на патиштата се активности за отстранување на оштетувања настанати од непредвидени настани за обезбедување на непречен и безбеден сообраќај на патот.

Согласно Законот за градење:

- Градење е изведување на претходни работи, изработка на проектна документација, вршење на подготвителни работи, изградба на нова градба, доградба и надградба на постојна градба, реконструкција и адаптација на постојната градба што опфаќа земјени работи, изведување на градежна конструкција, вршење на градежно-инсталатерски работи и градежно-завршни работи, вградување постројки или опрема и други работи со кои се оформува целината на градбата;
- Градба е се што настанало со изградба и е поврзано со земјиштето, а претставува физичка, техничко-технолошка и градежна целина заедно со изградените инсталации, односно опрема;
- Реконструкција е изведување на работи во рамките на постојниот габарит на објekt со кои се влијае врз исполнувањето на основните барања за градбата и со кои се менува усогласеноста на градбата со проектот според кој е изградена, со менување на фасада, промена на технолошкиот процес и на инсталацијата, санација и замена на конструктивни елементи и слично односно изведување работи на инфаструктурни објекти со кои се влијае врз исполнувањето на основните барања на градбата и со кои се менува усогласеноста на градбата со проектот според кој е изградена;
- Доградба е изведување на работи на постоен објект со изградба на нова површина надвор од габаритот на постојниот објект, до максимално дозволената површина предвидена со урбанистичкиот план, при што може да се влијае на конструктивниот систем на постојниот објект;
- Употреба на градежен објект е вршење активности во изграден објект согласно со неговата намена утврдена со решението за локациски услови и основниот проект
- Одржување на градежен објект е изведување на работи заради зачувување на основните барања на објектот во текот на неговото употребување.

Согласно со горенаведеното, донесувањето на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Крушево е законска обврска која ги опфаќа сите активности за изготвување на техничка документација, изградба, реконструкција, доградба, рехабилитација и тековно одржување на општинските патишта и улици.

Општина Крушево за наредната 2024 година за реализација на дел од активностите кои се предвидени со оваа програма има обезбедено финансиски средства од Министерство за економија, Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој преку Пелагониски регион, Министерство за транспорт и врски, ЈП за државни патишта на РСМ, а за останатите активности ќе се бараат финансиски средства од Владата на РСМ и други институции и донатори. Во некои од овие проекти општината ќе учествува и со сопствени средства како делумно кофинансирање, како и за делот на исплата на ДДВ, а предвидени се финансиски средства и за самостојна реализација на одредени активности.

**Програма ЈД**
**ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ.................................................................................95 382 673,57 денари (без ДДВ)**

**Подпрограма ЈДО**
**ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ**

1. **Изработка на проектна документација за проекти**

За изработка на проектна документција (ажурирани подлоги, урбанистички проекти за инфраструктура, ревизии на инфраструктурни урбанистички проекти, основни проекти и ревизии на основен проект...) за општински патишта и улици се предвидуваат средства во износ од **........................................................................... 1 000 000,00 денари (без ДДВ)**

2. **Надзор над изградба и реконструкција на улиците и општинските патишта ........................................................................... .....2 749 010,00 денари (без ДДВ)**

3. **Изградба на улици и патишта .................................. 21 336 320,00 денари (без ДДВ)**

3.1. Изградба на обиколница околу Крушево од Р 2337 до Р 1306 КО Крушево вон град, Општина Крушево во износ од 128 859 440 ден без ДДВ (за 2024 година само делот од Р 2337 до м.в Станич во должина Л=762 метри во износ од 21 336 320,00 ден без ДДВ, планиран извор за финансирање е Министерство за економија, Програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2024 година).

4. **Реконструкција на улици и патишта ........................70 297 343,57 денари (без ДДВ)**

4.1. Реконструкција на дел од улица „Коча Миленку“ и дел од улица „Манчу Матак“ Крушево Л=889,45 метри, во износ од 21 607 383,82 денари без ДДВ (планиран извор за финансирање од Министерство за транспорт и врски – проект ЛРЦП – Проект за поврзување на локални патишта и улици).

4.2. Реконструкција на општински пат (врска со Р1306 - с. Врбоец - с. Св.Митрани), делница од административна граница со општина Кривогаштани до с. Св. Митрани, Општина Крушево Л= 3 190,70 метри, во износ од 9 381 353,75 денари без ДДВ (за 2024 година само профил бр. 2 и профил бр.3 во должина од Л= 2 721,10 метри во износ од 7 980 433,25, планиран извор на финансирање од Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој).

4.3. Реконструкција и доградба на постоен пат од м.в. Порта до м.в. Мечкин Камен, Општина Крушево Л=4 430,75 во износ од 28 581 435,0 денари без ДДВ (за 2024 година реализација на реконструкцијата на асфалтот, доградба на дел покрај полетиште за параглајдеристи со префабрикувани павер елементи и доградба на паркинг Л=2 554,5 метри во износ од 17 598 027,00 денари, планиран извор на финансирање Министерство за транспорт и врски – проект ЛРЦП – Проект за поврзување на локални патишта и улици).

4.4. Реконструкција/Изградба на улица во с. Саждево со краци, КО Саждево, Општина Крушево во износ од 12 639 660 ден без ДДВ (за 2024 година само делот од улица во село Саждево – коловоз Л=937,49 метри во износ од 6 313 615,00 ден без ДДВ, планиран извор за финансирање е Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој преку Пелагониски регион или Влада на Република Северна Македонија).

4.5. Реконструкција/Изградба на улица во с. Јакреново со краци, КО Јакреново, Општина Крушево во износ од 20 535 825 ден без ДДВ (за 2024 година само делот од улица во село Јакреново – коловоз Л=1 281,60 метри во износ од 8 063 167,50 ден без ДДВ, планиран извор за финансирање преку програма за развој на подрачја со специфични развојни потреби при БРР или Влада на Република Северна Македонија).

4.6. Реконструкција и доградба на локален пат од с.Саждево-с.Јакреново-с. Борино, Општина Крушево во износ од 27 937 953,00 денари без ДДВ (за 2024 година Борино 2 – делница, Л=1 149,2 метри во износ од 8 734 717,00 денари без ДДВ, планиран извор за финансирање е Министерство за транспорт и врски – проект ЛРЦП – Проект за поврзување на локални патишта и улици или Влада на Република Северна Македонија).

**Програма ЈФ**
**Подпрограма ЈФО**
**ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ..............1 918 650,00 денари (без ДДВ)**

1. **Изработка на проекна документација ......................................250 000,00 денари (без ДДВ)**
2. **Изградба и поставување на сообраќајна сигнализација ..........1 668 650,00 денари (без ДДВ)**

- Поставување на сообраќајни знаци, ознаки и патокази, заштитни столбчиња на улици и општински патишта
- Обележување на улици и општински патишта со хоризонтална и вертикална сигнализација и сообраќајна опрема

2.1. Дел од улица „Коча Миленку", од крстосница со улица „Манчу Матак" до крстосница со регионален пат Р1306 ( Крушево - Демир Хисар) во Крушево, во износ од 274 000,00 денари без ДДВ.

2.2. Општински пат од врска со Р1306 до с. Врбоец и до с.Св.Митрани, Општина Крушево и Општина Кривогаштани во износ од 455 500,00 денари без ДДВ.

2.3. Локален пат од м.в. Порта до м.в. Мечкин Камен, Општина Крушево, во износ од 939 150,00 денари брз ДДВ.

**Програма Ј6**
**Подпрограма Ј60**
**ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИТЕ ПАТИШТА, УЛИЦИ .................................................................................................. 2 088 000,00 денари без ДДВ**

Работите на одржување на улиците се работи на редовно, зимско, периодично и интервентно одржување (крпење на дупки, зимско одржување, расчистување). Работите на одржување на општинските патишта и улици општината може со договор да ги отстапи на извршување на правни лица регистрирани за вршење на овие работи согласно закон.

1. **Санација на нивелети на постоечки локални патни правци со земјен коловоз**

Во услови на интензивни врнежи потребно е интервенирање со градежна механизација на земјените патишта, со цел за нивно доведување во состојба на продност и одвивање на сообраќај. За одржување на некатегоризирани малски патишта со земјен коловоз во селските населби, Општината Крушево по доставени барања од група граѓани и Месни заедници и според проценките на службите за состојбата на патиштата доколку истите се оправдани и одобрени презема дејствија за санација за истите.

2. **Санација на одрони и заштита на косини на локални улици и патишта, одржување на потпорни ѕидови**

Со оглед на рељефно-климатските и геомеханички карактеристики на земјиштето, во изминатиов период интензивирани се појави на свлечишта и одрони на делови од улици и локални патни правци на подрачјето на општина Крушево. Тоа бара преземање на

соодветни мерки за заштита на косините и трупот на патот за што се потребни финансиски средства.

3. **Тековно одржување и крпење на ударни дупки**

Како и минатите години и во текот на 2024 година ќе бидат предвидени средства од буџетот на општината за тековно редовно, периодично одржување, крпење на ударни дупки и замена на оштетени делови од коловозни површини, активности кои повремено се преземаат за продолжување на животниот век на патната инфраструктура, активности со кои патот континуирано се одржува во функционална состојба и безбедно одвивање на сообраќајот.

4. **Зимското одржување на улици и патишта** е одредено во Програма за организирање и функционирање на зимското одржување на улици и општинските патишта на подрачјето на Општина Крушево за сезоната 2023/2024 година.

**<u>РЕКАПИТУЛЦИЈА</u>**

| Програма | Опис на програма | *предвидени финансиски средства во МКД без ДДВ* |
|---|---|---|
| **Ј** | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | |
| **ЈД** | **Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** | **95 382 673,57** |
| **ЈФ** | **Изградба на сообраќајна сигнализација** | **1 918 650,00** |
| **Ј6** | **Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај** | **2 088 000,00** |
| | **<u>ВКУПНО</u>:** | **<u>99 389 323,57</u>** |

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За спроведување на оваа програма надлежен е Градоначалникот на Општина Крушево.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Крушево“.

Совет на Општина Крушево
Претседател,
Андреј Николоски

__________________

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КРУШЕВО**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Бр. 08-64/7**
**18.01.2024 година**
**КРУШЕВО**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 79, 80 и 80-а од Законот за градење („Службен весник на РМ“ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11,54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14,28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18) и „Службен весник на РСМ“ број 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), член 21 став (1) точки 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево“ бр.01/07, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 18.01.2024 година, донесе:

# *П Р О Г Р А М А*
## *за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2024 година*

### *Вовед*

Согласно Законот за градење потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува Советот на Општина Крушево.

Со оваа Програма се уредува бројот, видот и големината на урбаната опрема, како и локациите и објектите на кои може да се постави истата. Воедно се утврдува и начинот и условите за нивно поставување, дислоцирање и отстранување.

Оваа Програма важи за 2024 година и со истата е опфатена урбана опрема која се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште. Согласно член 2 став (4) од Законот за градење под урбана опрема во смисла на овој закон, се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско- конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни, спортски настани, опрема за спортско-рекреативни активности, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за оптадоци.

Доколку се појави потреба од други видови урбана опрема а не претставуваат составен дел од оваа Програма, ќе бидат опфатени со нејзините измени и дополнувања.

## 1. *Цел на Програмата*

Со Програмата за поставување на урбана опрема се постигнуваат следните цели:

- Евиденција на урбана опрема на територија на Општина Крушево;
- Естетско обликовни подобрувања и воведување на нови стандарди во уредување на просторот;
- Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина;
- Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредната близина

## 2. *Видови на Урбана опрема*

Видовите на урбана опрема, определени се со законот за градење, а се наведени во воведниот дел на оваа Програма.

Урбана опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон.

Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваат стварни права врз градежното земјиште.

### 2.1 *Критериуми за определување на видот на урбана опрема*

За определување на видот на урбаната опрема кој треба да се постави служат следните критериуми:

- Функционални критериуми како што се: намена, времетраење и површина наменета за вршење на дејноста;
- Материјални критериуми;
- Финансиски критериуми.

Урбана опрема која се поставува на подрачјето на Општина Крушево треба да ги задоволува основните барања за градбата, согласно Законот за градење.

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење како и движењето на лица со инвалидност. Воедно, потребно е да се обезбеди непречен пристап до истата, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот.

Урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

Доколку површината за која се бара поставување на урбана опрема, е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштитата на културно-историското наследство односно на природата.

## I. ***<u>Опрема за спортско-рекреативни активности, настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни панoа</u>***




Со оваа програма се предвидува една локација за поставување на опрема за спортско- рекреативни активности, настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа.

## II. ***<u>Опрема за детско игралиште, настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни панoа</u>***




Со оваа програма се предвидува една локација за поставување на детско игралиште, настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа.

**III. *Опрема во функција на туристички, културни, спортски настани, спортско-рекреативни активности и настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа***




Со оваа програма се предвидува една локација за поставување на опрема за туристички, културни, спортски настани, спортско-рекреативни активности и настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа.

**IV. *Опрема во функција на туристички, културни, спортски настани, спортско-рекреативни активности, настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа, опрема за продажба на билети, сувенири, храна, сладолед,***




Со оваа програма се предвидува една локација за поставување на опрема за функција на туристички, културни, спортски настани, спортско-рекреативни активности и настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа.

***V. Опрема во функција на туристички, културни, спортски настани, спортско рекреативни активности, санитарни јазли, тераси со или без настрешници, настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа.***



Со оваа програма се предвидува локација за поставување на Опрема во функција на туристички, културни, спортски настани, спортско рекреативни активности, санитарни јазли, тераси со или без настрешници, настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа.

***VI. Опрема во функција на туристички, културни настани, информативни и рекламни паноа.***




Со оваа програма се предвидува локација за поставување на опрема во функција на туристички, културни настани, информативни и рекламни паноа.

***VII. Опрема за детско игралиште, рекреативен парк, настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа, тераси со или без настрешници.***




Со оваа програма се предвидува локација за поставување на опрема за детско игралиште и рекреативен парк со поставување настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа, тераси со или без настрешници.

***VIII. Опрема за отворено спортско игралиште во функција на туристички, културни, спортски настани, спортско рекреативни активности, санитарни јазли, информативни паноа, тераси со или без настрешници, настрешници со клупи и корпи за отпадоци.***



Со оваа програма се предвидува локација за поставување на опрема за отворено спортско игралиште во функција на туристички, културни, спортски настани, спортско рекреативни активности, санитарни јазли, информативни паноа, тераси со или без настрешници, настрешници со клупи и корпи за отпадоци.

***<u>IX. Опрема за отворено игралиште/памп трек во функција на туристички, културни, спортски настани, спортско рекреативни активности, настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа, тераси со или без настрешници.</u>***




Со оваа програма се предвидува локација за поставување на опрема за отворено игралиште/памп трек во функција на туристички, културни, спортски настани, спортско рекреативни активности, настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа, тераси со или без настрешници.

***<u>X. Опрема за во функција на туристички, културни, спортски настани, спортско рекреативни активности, настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа, тераси со или без настрешници.</u>***




Со оваа програма се предвидува локација за поставување на опрема во функција на туристички, културни, спортски настани, спортско рекреативни активности, настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа, тераси со или без настрешници.

## ***3. Начини и услови за поставување и одржување на урбана опрема***

Согласно Законот за градење урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот.

Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува советот на Општина Крушево.

Микролокациските услови претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на Програмата за поставување на урбана опрема.

Урбаната опрема се поставува на микролокации согласно графичкиот прилог.

Општина Крушево согласно Законот за градење води регистер на издадени одобренија за поставување на урбана опрема.

Одобрението за поставување на урбана опрема го издава Градоначалникот на Општина Крушево.

Одобрението за поставување на урбана опрема се добива врз основа на поднесено барање (формулар), кое се доставува заедно со комплетна документација и тоа:

**I. За поставување опрема за спортско-рекреативни активности, настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата, со микролокациски услови
2. Потребна документација согласно законска регулатива

**II. За поставување опрема за детско игралиште, настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата, со микролокациски услови
2. Потребна документација согласно законска регулатива

**III. За поставување опрема за функција на туристички, културни, спортски настани, спортско-рекреативни активности и настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата, со микролокациски услови
2. Потребна документација согласно законска регулатива

**IV. За поставување опрема во функција на туристички, културни, спортски настани, спортско-рекреативни активности, настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа, опрема за продажба на билети, сувенири, храна, сладолед**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата, со микролокациски услови
2. Потребна документација согласно законска регулатива

**V. За поставување опрема во функција на туристички, културни, спортски настани, спортско рекреативни активности, санитарни јазли, тераси со или без настрешници, настрешници со клупи и корпи за отпадоци, информативни паноа**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата, со микролокациски услови
2. Потребна документација согласно законска регулатива

Постапката по барањето ја спроведува надлежното Одделение за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на Општина Крушево (во натамошниот текст - надлежно одделение). Надлежното одделение на Општина Крушево врши увид на лице место и проверка на документацијата која се доставува во прилог на барањето.

## *4. Начин на користење и располагање на урбана опрема - киосци поставени на КП бр.4111/1 КО Крушево на м.в.Гумење*

### **4.1.** Општи одредби

Урбаната опрема - 5 (пет) киосци се поставени на КП бр.4111/1 КО Крушево, м.в. Гумење, врз основа на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Крушево бр.08-51/6 од 11.01.2019 година, донесена од страна на Советот на Општина Крушево, а во рамките на под-проектот Кругот на адреналинот – развој на авантуристичкиот туризам во Крушево и истите се сопственост на Општина Крушево

Киосците поставени на м.в Гумење претставуваат урбана опрема наменета за продажба на сувенири.

Во киосците покрај сувенири може да се продаваат весници, цвеќиња, вода и безалкохолни пијалоци, кондиторски производи и слично.

Во киосците за забранува вршење на друга дејност освен дејноста наведена во оваа програма.

Урбаната опрема ќе се издава под закуп за времетраење од 1 (една) година со можност за продолжување на закупот за уште 1 (една) година.

### 4.2. Издавање на урбана опрема-киосци

Издавањето во закуп на урбаната опрема ќе се врши по пат на јавен оглас објавен од страна на Градоначалникот на Општина Крушево со јавно наддавање.

Јавниот оглас ќе се објави на веб страната на општина Крушево и на огласна табла.

Почетната цена на месечната закупнина за јавното наддавање претставува 0,3 % од вредноста на киоскот и изнесува 1 530 денари.

### 4.3. Доставување на понуди

Право на учесто на јавното наддавање имаа сите заинтересирани физички и правни лица кои ги исполнуваат условите во објавата.

Постапката на јавно наддавање ќе ја спроведува комисија формирана од страна на Градоначалникот на општина Крушево.

Подносителите на пријавите за учество на јавното наддавање треба да достават:

Понуда на унифициран образец кој може да се подигне во просториите на општина Крушево или да се спушти од веб страната на општината www.krusevo.gov.mk

Со понудата треба да се достави:

- Потврда за регистрирана дејност (издадена од Централен регистар на РСМ или соодветен документ-доказ дека припаѓа на соодветно здружение (не постар од 6 месеци) за правни лица,
- Лична карта или патна исправа за физички лица,
- Изјава за прифаќање на условите наведени во објавата,
- Потврда дека нема заостанати обврски кон општина Крушево.
- Уплатница на име депозит за учество на износ од 2.000,оо (две илјади) денари по киоск,

Уплатата се врши на следната сметка:
Банка: Народна банка на Република Македонија
Број на сметка: 100000000063095
Уплатна сметка: 84014006553
Приходно конто: 723914
Програма 00

Пријавите кои нема да бидат комплетни нема да учествуваат во јавното наддавање.

Депозитот на учесниците кои нема да бидат избрани ќе се врати по завршувањето на јавното наддавање.

Депозитот на најповолниот понудувач со кој што ќе се склучи договор ќе биде пресметан во месечниот закуп.

Доколку понудувачот се откаже од склучување на договор, депозитот нема да му биде вратен.

### 4.4. Начин на доставување на понудите

Понудата треба да се достави во затворен коверт со назнака:
„НЕ ОТВОРАЈ, ЗА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ“
Општина Крушево

Комисија за спроведување на јавно наддавање за издавање во закуп на урбана опрема поставена на м.в Гумење Крушево.

Понудата се доставува по пошта или лично во Архивата на општина Крушево.

Пријавите за учество на јавното наддавање се поднесуваат во рок од 5 (пет) работни дена од денот на објавување на огласот на веб страната на општината и на огласна табла.

### 4.5. Начин на отварање на понудите

За денот и часот на јавното наддавање учесниците ќе бидат известени на нивна контакт адресата и веб страната на општина Крушево.

Отворањето на доставените понуди ќе се врши јавно.

За најповолен понудувач ќе се смета учесникот на јавното наддавање кој што понудил последна цена на месечна закупнина која што претставува највисока цена постигната на јавното наддавање.

Со најповолниот понудувач ќе се склучи договор.

Јавното наддавање ќе се одржи и доколку по објавата се пријавил и само еден понудувач кој ги исполнува условите наведени во огласот и ја наддаде почетната цена.

Цената на минималниот чекор на јавното наддавање изнесува 100 денари.

Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката на јавно наддавање во рок од 3 (три) работни дена од одржувањето на јавното наддавање до комисијата која одлучува по приговорот со решение во рок од 5 (пет) работни дена од денот на приемот на приговорот.

Против решението на комисија може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постпка од работен однос во втор степен.

### 4.6. Склучување на договор

Договор ќе се склучи со најповолниот понудувачот кој понудил највисока конечна цена на јавното наддавање.

## 5. *<u>Извори на финансирање на програмата</u>*

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево се финансира од буџетот на Општината за 2024 година, буџет на РСМ, донации, правни и физички лица.

### *5.1. Трошоци за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема*

Трошоците за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема паѓаат на товар на инвеститорот, физичкото или правното лице.

## 6. *<u>Динамика на реализација на Програмата</u>*

Динамиката на реализацијата на програмата ќе зависи од обезбедените финансиски средства, решени имотно-правни и технички услови.

## 7. *<u>Вршење надзор</u>*

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Законот за градење.

## *8. Преодни и завршни одредби*

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Крушево во соработка со Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина во Општината.

Составен дел на оваа Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2024 година е текстуален и графички дел.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Крушево.

***Совет на Општина Крушево,***
***Претседател,***
***Андреј Николоски***

________________

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КРУШЕВО**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Бр. 08-64/6**
**18.01.2024 година**
**КРУШЕВО**

Врз основа на член 94 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 90/20, 101/21 и 153/2023), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/2002 ) и член 21 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево” бр. 1/07, 16/14, 7/19 и 7/20) Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 18.01.2024 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А
# ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2024 ГОДИНА

Општината го определува начинот на организирањето и вршењето на работите на уредувањето и управувањето на градежното земјиште.

## 1. Уредување на градежно земјиште

Изградба на станбени, стопански, комунални и други објекти се врши на уредено градежно земјиште.

Во случај кога градежното земјиштене не е уредено, инвеститорот може на сопствен трошок да изврши уредување на градежното земјиште и нема обврска да плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште за делот за кој финансирал.

Уредувањето на градежното земјиште на општина Крушево се врши врз основа на оваа програма што преставува континуитет на сите започнати и превземени активности за уредување на градежното земјиште од предходните години, а е во согласност со постојниот Генерален и Детален урбанистички план за градот Крушево, Деталниот урбанистички план за дел од “ Викенд Зоната “ во Крушево, Деталниот урбанистички план за индустриската зона “Опаленик”, УПВНМ за Викенд населба во скијачки центар Мусица, УПВНМ за скијачки центар Станич и постоечките законски прописи.

Програмата содржи.

1.Простор кој е предмет на уредување
2.Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште
3.Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура
4.Извори на финансирање на Програмата
5.Пресметка на трошоците за уредување на градежното земјиште

6.Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и негова распределба
7.Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата
8.Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти
9.Динамика на извршување на програмата
10.Објекти на инфраструктурата од јавен интерес на Републиката и оцена на нивното влијание врз животната средина и природата согласно со закон, што ги финансира републиката, односно инвеститор на кого земјиштето му го доделила Републиката

Покрај реализацијата на превземените и дефинираните задачи и обврски, оваа програма е отворена и во неа ќе бидат вградени други задачи доколку има потреба од нивна ургентна реализација во текот на 2024 година.

**I. Простор кој е предмет на уредување**

**а) Градско подрачје со индивидуална изградба**

Под индивидуално градење на објект се смета градење на нов објект доградба или надградба на постоен објект зацртан во Деталниот урбанистички план.

Реконструкција е изведување на работи на постојна градба со кои се влијае врз исполнувањето на основните барања за градбата и со кои се менува усогласеноста на градбата со проектот, според кои е изградена, со изведување на доградба, надградба, менување на фасада, изведување на работи за пренамена на дел на градбата, промена на технолошки процес, санација на конструктивни елементи и слично.

Адаптација е изведување на работи во внатрешноста на постојна градба со што не се менуваат конструктивните елементи на градбата.

Во ДУП на градот Крушево донесен со одлука на Собрание бр. 08-87/1 од 17.10.1996 год. предвидени се: 95 нови објекти, 118 доградби и 37 надградби.

Дел од овие градби реализирани се во предходните години.

Во рамките на ДУП врз основа на што се изработува оваа програма нема неизградени локалитети на кои е предвидена станбена изградба, а кои треба да се уредат со инфраструктурата. Предвидените објекти се распрскани по целото јадро. Поради тоа средствата остварени од надоместокот за комунално уредување би се намениле за изградба на инфраструктурни објекти од општ градски карактер.

**б) Локации за изградба на објекти од општ интерес**

**1.Локалитети до поштата**

-изградба на Крушевска куќа

**в) Изградба на индустриски, стопански објекти, сервиси и складишта**

**1.Локалитет “Опаленик”**

**-**за локалитетот “ Опаленик “ изготвен е УПВНМ според кој се предвидеува изградба на индустриски објекти од лесна и незагадувачка индустрија.

**2. Локалитет на северозападниот дел од градот** во продолжение на постојната индустриска зона, согласно ДУП на град Крушево каде се предвидува изградба на индустриски погони, сервиси, складишта и слично.

**3. Локалитет Викенд зона** дел за кој е изработен ДУП на северозападниот дел од градот каде се предвидува изградба на 41 викенд куќа и 3 мали хотели.

**4. Локалитет Викенд населба во скијачки центар Мусица** за кој е изработен ДУП на северозападниот дел од градот каде се предвидува изградба на 22 викенд куќи и 1 комерцијален објект.

**5. Локалитет скијачки центар Станич** за кој е изработен УПВНМ каде се предвидува изградба на 7 комерцијални објект.

## II. Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште:

Подготвување и расчистување на градежното земјиште потребно е на делот опфатен со ДУП за Викенд зоната каде што постои нисконапонска електрична линија која треба да се замени со подземен вод кој ќе оди по сообраќајниците.

## III. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура:

Изградба на објекти се врши на:

-уредено градежно земјиште

-неуредено градежно земјиште.

Под уредено градежно земјиште се смета земјиштето на кое се решени имотно – правните односи и е обезбедено со комунална инфраструктура и тоа пристапни улици, атмосферска и фекална канализација и водовод.

За објектите кои ке се градат на замјиште што не е уредено корисникот е должен во договор со субјектот надлежен за уредување на градежното земјиште да го уреди истото со свои сопствени средства.

Уредувањето на градежното земјиште во град Крушево опфаќа:

**а) Подготовка на градежно земјиште**

**б) Опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации.**

**а) Подготовката на градежното земјиште опфаќа:**
- Изготвување на Урбанистички планови и проекти за комуналната инфраструктура.
- Обезбедување на геодетска документација, подлоги и елаборати за експропријација.
- Решавање на имотно правните односи со сопствениците на имотите.

**б) Опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации опфаќа:**

1. Опремување на земјиштето со **основни** инфраструктурни објекти
- Основни сообраќајници во градот,
- Примарни водоводи за довод на вода во населбите, пумпни станици и резервоари за вода,
- Колектори за одвод на фекална и атмосферска вода.

2. Опремување на земјиштето со **секундарни** инфраструктурни објекти и инсталации:
- Пристапен пат,
- Атмосферска и фекална канализација,
- Водоводна мрежа.
- Подземна електрична мрежа
- Улично осветлување

Инвеститорот на своја сметка го изведува партерното уредување на локацијата, пристапот кон објектот од пристапниот пат до влезот на објектот, приклучување на секундарната мрежа според техничките услови, ПТТ приклучок како и енергетска согласност, затоа што истите се составен дел на објектот и останувааат во сопственост на инвеститорот.

## IV. Извори на финансирање на Програмата

Уредувањето на градежното земјиште се финансира од средствата остварени од :
- надоместокот за уредување,
- средства на комуналното претпријатие,
- агенцијата за државни патишта,
- донации и други средства кои се употребуваат согласно оваа програма.

Средствата што се остваруваат од надоместокот за уредување на градежното земјиште се уплатуваат на посебна сметка и се употребуваат само за намена дефинирана во оваа Програма. Меѓусебните права и обврски за уредување на градежното земјиште се утврдуваат со договор склучен помеѓу инвеститорот и Градоначалникот на општината. Имено, по службена должност оделението за урбанизам комунални работи и заштита на животната средина врз основа на примерок од техничката документација (проект архитектура) се пресметува висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, според која ке се склучи договор за надоместок за

уредување на градежното земјиште помеѓу инвеститорот и Градоначалникот на општината.

Во договорот ќе се земе во вид уреденоста и можноста за уредување на градежното земјиште од страна на инвеститорот кога истото не е уредено, односно ќе се намали надоместокот за уредување на градежното земјиште, за делот што го финансирал инфеститорот.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште во вредност утврден со Пресметката, инвеститорот ќе го плати со склучување на договорот.

Ако инвеститорот не сака да склучи договор, а користи макар и делумно уредено замјиште плаќањето надоместок за уредување на градежно земјиште се врши по сила на Законот и оваа програма по судски пат.

Доколу при изградбата на објектот инвеститорот отстапи од техничката документација, а се здобил со нова корисна површина должен е да плати соодветна разлика. Истата се уредува со анекс договор за уредување на градежното земјиште за новоизградената површинаспоред утврдениот надоместок во моментот на плаќањето, а по претходно добиена уредна техничка документација од страна на надлежниот орган.

## V. Пресметка на трошоците за уредување на градежното земјиште

Просечниот надоместок за уредување на градежно земјиште по еден 1м² изградена корисна површина на објектот во градскиот реон се утврдува во зависност од:

• Висината на градежната цена по м² станбен односно деловен простор.
• Намената на објектот ( станбен или деловен)
• Локалитетот на кој се гради ( зоната)

Пресметувањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште ке се врши врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со следните коефициенти :

1. Стамбени објекти
   • станбени простории, (соби, кујни, скали, остави, бањи).....................1.0
   • станбени простории во поткровје со висина до 2.5 м .........................0.2
   • лоѓија затворена од три страни ...........................................................0.4
   • подлоѓија затворена од две страни .....................................................0.3
   • балкони, тераси .........................................................................0.2
   • заеднички проодни тераси, пасажи ....................................................0.2
   • помошни простории, остава за гориво, котлара, визбз .....................0.3
   • трафостаница до 35Кв во објектот и надвор од објектот....................0.3
   • скалишен простор и заеднички комуникации......................................0.3
   • стражарници, управител, простории за домар...................................0.5
   • паркиралишта и гаражи ...............................................................0.1

2. За деловни и јавни објекти
   • простории ..................................................................................1.0
   • магацини ...................................................................................0.5
   • помошни простории, остава за гориво, котлара ..........................0.3

• трафостаница до 35Кв во објектот и надвор од објектот ......... 0.4
• скалишен простор и заеднички комуникации ........................... 0.5
• паркиралишта и гаражи ................................................................ 0.1
• лоѓија затворена од три страни ..................................................0.5
• подлоѓија затворена од две страни ............................................0.4
• балкони, тераси ............................................................................0.3
• отворен паркинг простор ............................................................0.3

3. За други објекти
• катни гаражи ......................................................................0.05
• спортски покриени објекти ...................................................... 0.5
• спортски откриени објекти .......................................................... 0.3
• гаснин станици и базни станици за 50% од површината на локацијата ..........................................................................1.0
• отворени пазаришта - за 30% од површината на локацијата .......1.0
• базени.............................................................................................0.2
• трафостаници над 35Кв ...............................................................1.0

4. За објектите од групата на класи на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси :
• Г1 тешка и загадувачка индустрија ............................................0.05
• Г2 лесна и незагадувачка индустрија ..........................................0.01
• Г3 сервиси ..........................................................................................0.01
• Г4 стоваришта .....................................................................................0.01

5. За бензиска пумпна станица и нејзини придружни содржини ( продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории ):
• продажни простории на бензиските пумпни станици ....................1.0
• услужни простории на бензиските пумпни станици .......................1.0

6. За објектите од групата на класи на намена Б 5 - угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта, и за објектите од групата на класи А4, хотел, мотел, и времено сместување во Викенд куќи, планинарски дом и ловен дом:
• сите простории .........................................................................0.05

7. За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица
• сите простории ..........................................................................0.05

8. За објекти за високо образование
• сите простории ..........................................................................0.05

9. За објекти од култура
• сите простории ..........................................................................0.01

10. За објекти од терцијална здравствена заштита
    • сите простории ..........................................................................0.05

11. За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), 0,01 и

12. За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50%од површината на градежната парцела, 0,01.“

13. Не се пресметуваат површините на :

• инсталационите канали
• окната за лифтови
• окна на врати
• отворени паркиралишта
• подземни резервоари
• објекти заштитени како културно наследство

14. За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште , во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметената површина согласно горенаведеното.

15. За линиски инфраструктурни објекти – државни патишта , локални патишта и улици, магистрални улици, , собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35КВ како и за брани со акумулации, термоцентрали, езераки и речни пристаништа, и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината, а инвеститор е општината, не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

За промена на еден вид објект во друг, односно на простор со една намена во друга се плаќа разликата од висината на надоместокот на комунално уредување.

Дефинирањето на поделените нивоа од објектот без оглед за која намена се користат е следната:

• Подрум: Претставува ниво на зградата чиј под се наоѓа под катот на теренот и тоа на длабочина од 1 м²

• Сутерен: Претставува ниво на зградата чиј под се наоѓа рамно со теренот или под површината на теренот на длабочина од 1 м²

• Приземје: Е првото ниво на зградата над подрумот или над нивото на теренот, ако објектот нема подрум или сутерен .

• Спрат: Е нивото на зградата над приземјето или сутеренот и е наменето за живеење или други намени.

• Поткровје: Е висина на надзидокот на покривот, ако истата се користи за станбен дел и е со максимална висина од 120 см.

Со оглед на карактеристичниот терен на Крушево видот на просториите за живеење ќе се утврдуваат според проектот и со увид на лице место затоа што на едно ниво на објектот може да се јават два вида простории (подрумски и приземни) во зависност од нагибот на теренот.

**VI. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и негова распределба**

Износот на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдува врз основа на вкупните трошоци за уредување на поголеми комплекси на градежно земјиште, замајки ја предвид и нивната намена , положба и другите посебни својства.

Износот на надоместокот не може да биде поголем од 50% од вистинските трошоци за уредување на земјиштето потребни за изградба на нови објекти на соодветна локација.

Имајки во обзир дека на подрачјето на градот Крушево нама поголеми комплекси предвидени за станбена изградба врз основа на кој може да се направи реална пресметка на вкупните трошоци за уредување на градежното земјиште, висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште е земена произволно, при што во предвид се има фактот што изградбата на објекти е низ целото градско јадро каде што во голема мера е изградена инфраструктурата и изнесува:

**а). Индивидуални станбени објекти**
**I зона 5 евра по м²**
**II зона 4 евра по м²**

**б). Индустриски, стопански објекти , сервиси, складишта и деловни објекти.**
**I зона 10 евра по м²**
**II зона 8 евра по м²**

**в). Викенд зона**
**викенд домови 180 евра по м²**
**хотели 180 евра по м²**

**г). Викенд населба во скијачки центар Мусица**
**викенд домови 23 евра по м²**
**комерцијални 30 евра по м²**

**д). Ски центар на м.в. Станич**
**комерцијални објекти 3 евра по м2**

**ѓ). Поранешно детско одморалиште Шула Мина 30 евра по м2**


I зона




ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА
ДЕЛ НА ВИКЕНД ЗОНА

**УПВНМ- ски центар МУСИЦА-УРБАН**
**БЛОК 2 во викенд населба**



**УПВНМ Скијачки центар СТАНИЧ**









| ред.бр. | X | У |
|---|---|---|
| 01 | 7 520 270,18 | 4 581 139,35 |
| 02 | 7 520 348,10 | 4 581 181,23 |
| 03 | 7 520 301,16 | 4 581 214,46 |
| 04 | 7 520 344,66 | 4 581 289,98 |
| 05 | 7 520 325,03 | 4 581 380,70 |
| 06 | 7 520 308,05 | 4 581 356,60 |
| 07 | 7 520 294,63 | 4 581 339,56 |
| 08 | 7 520 272,48 | 4 581 327,80 |
| 09 | 7 520 270,00 | 4 581 318,67 |
| 10 | 7 520 233,09 | 4 581 267,52 |
| 11 | 7 520 226,70 | 4 581 240,10 |
| 12 | 7 520 226,93 | 4 581 231,42 |
| 13 | 7 520 233,99 | 4 581 230,20 |
| 14 | 7 520 257,82 | 4 581 199,57 |
| 15 | 7 520 250,45 | 4 581 164,65 |

Износите ќе се плаќаат во денарска против вредност на денот на наплатата по средниот курс на Народна Банка на Македонија.

За доградба и надградба на постојните објекти надоместокот за уредување на градежо земјиште изнесува 50% од утврдениот износ по 1 м² корисна површина.

Доколку со изградбата на објекти предвидено е отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на иста градежна парцела,при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои се отстрануваат со изградбата на новите објекти.

Во случаите од претходниот став површините на потпокривен простор, логија, подлогија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи,помошни простотии, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

При изградба на нови објекти за кои предходно треба да се сруши стар објект од површината која е предмет на наплата на трошоци за уредување на градежно земјиште се одбива површината на постојниот објект. Ако новиот објект не зафаќа површина од

стариот објект кој се наоѓа во состав на истата градежна парцела, а стариот објект е предвиден за рушење, пресметката за надоместокот за уредување на градежното земјиште за новиот објект се пресметува 100%, а враќањето на делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште по овој основ се врши после рушењето на стариот објект во рок од три години согласно Законот.

За поставување на времени деловни објекти корисниците на истите сами ги сносат трошоците за уредување на земјиштето на кои ке бидат поставени во договор со субјектот надлежен за уредување на градежното земјиште.

Не се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште за објекти кои претрпеле штета од елементарни непогоди ( пожари, поплави, снегови, земјотреси и др) до висина на нето површината на оштетениот објект и други објекти ослободени со закон. За објекти од обласата на образованието, здравството, детската заштита, културата, спортот, верски објекти и други објекти од општ интерес како и за изградаба на објекти за потребите на државен орган и организација, за потребите на органите на општината, за комунални и други објекти од јавен интерс утврдени со закон не се плаќа надоместок доколку не е предвидено во точка ( **V** ).

За изградба на објекти од областа на туризмот, стопанството и земјоделието од страна на домашни и странски инвеститори, Советот на општина Крушево со своја одлука за секоја инвестиција пооделно може да го ослободи инвеститорот од плаќање надоместок за комунално уредување.

Врз основа на одлуката на Советот на општина Крушево, а со договор склучен помеѓу инвеститорот ( домашен и странски ) и Градоначалникот на општината ке се уредуваат меѓусебните права и обврски.

За изградба на индустриски објекти во индустриската зона “Опаленик” инвеститорите сами си ги сносат, односно обезбедуваат трошоците за комунално уредување од причина што во оваа зона не постои плаќање надоместок за комунално уредување.

## VII. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата

Средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата ќе се распределуваат во зависност од приоритетот на потребите кои ќе произлезат а за кои дополнително ќе биде изготвуван Заклучок за приоритети.

## VIII. Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти

При искористување на средствата предност ќе има изработката на проектна документација за изградба на инфраструктурни објекти за кои исто така ќе се изготви Заклучок за приоритети во зависност од потребите.

## IX. Динамика на извршување на програмата

Уредувањето на градежното земјиште претставува еден континуиран процес кој се одвива со години и создава можност и простор за идеен развој на градот. Имено, со уредување на градежното земјиште се решаваат целосно потребите, уредувањето и опремувањена земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура. Динамиката на извршувањето на програмата, односно на работите од уредувањето на градежното земјиште ќе зависи од повеќе фактори.

- Прилив на средства од надоместокот за уредување на градежното земјиште
- Навремено изготвување на урбанистичко-техничката документација
- Финансирање од други извори

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево“.

Совет на Општина Крушево
Претседател,
Андреј Николоски

_____________________

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КРУШЕВО**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Бр. 08-64/8**
**18.01.2024 година**
**КРУШЕВО**

Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20 и 111/23), член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став (1) точка 6 и 7 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево” бр.1/07, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 18.01.2024 година, донесе:

## ПРОГРАМА
## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
## ЗА 2024 ГОДИНА

### ВОВЕД:

Една од главните импликации на децентрализацијата е предавањето на активностите на урбанистичкото планирање од централната власт на институциите на локалната самоуправа. Општината треба сама да си обезбеди сопствен урбанистички развој, управување и раководење.

Процесот на дизајнирање и спроведување на плановите е критичен за нивниот иден успех и влијание. Вклучувањето на сите чинители во поставувањето на целите како се дизајнираат, спроведуваат и евалуираат плановите е основа за нивно одржливо функционирање. Овој процес е особено важен за плановите на градот и населените места.

Доброто планирање може да направи големи разлики почнувајќи од разлики во квалитетот на животот на граѓаните до развој на здрава економија и одржливост на животната средина. Урбанистичкото планирање е една од главните алатки со кои може да се обезбеди добро функционирање на градот.

Заради ефикасно спроведување на политиката на планирање согледувајќи ги планските можности и завршената анализа за степенот на реализација на плановите, новонастанатите промени и потреби за планирање на просторот, односно изработка на урбанистички планови на Општина Крушево согласно член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ” бр.32/20 и 111/23), изготвена е

## ПРОГРАМА
## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
## ЗА 2024 ГОДИНА

## 1. ГЕНЕРАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

### 1.1 Измена и дополнување на Генерален урбанистички план за град Крушево за Градска Четврт 6 и Градска Четврт 11, Општина Крушево

Границите на планскиот опфат на кој ќе се врши изготвување на измената и дополнувањето на Генералниот урбанистички план се движат по границите на градските четврти определени со постојниот Генерален урбанистички план прикажани во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



## 2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

### 2.1 Детален урбанистички план за „Споменичка целина Крушево“, Општина Крушево

Границите на планскиот опфат на кој ќе се врши изготвување на деталниот урбанистички план се движат по границите на „Споменичката целина Крушево” прикажани во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма. Површината на планскиот опфат изнесува 43,93ха.



**2.2 Детален урбанистички план за Градска четврт 2, 3, 4, 5, 7, 8 и 10, Општина Крушево**

Границите на планскиот опфат на кој ќе се врши изготвување на деталниот урбанистички план за Градска четврт 2, 3, 4, 5, 7, 8 и 10 се прикажани во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



### 2.3 Детален урбанистички план за блок 6.4 од ГУП за град Крупшево, Општина Крушево

Границата на планскиот опфат на кој ќе се врши изготвување на деталниот урбанистички план е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.




## 3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА

### 3.1 Урбанистички план за село Саждево, Општина Крушево

Границата на планскиот опфат на кој ќе се врши изготвувањето на урбанистичкиот план за село Саждево е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма. Површината на планскиот опфат изнесува 49,92ха.



### 3.2 Урбанистички план за село Јакреново, Општина Крушево

Границата на планскиот опфат на кој ќе се врши изготвувањето на урбанистичкиот план за село Јакреново е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма. Површината на планскиот опфат изнесува 32,97ха.




### 3.3 Урбанистички план за село Борино, Општина Крушево

Границата на планскиот опфат на кој ќе се врши изготвувањето на урбанистичкиот план за село Борино е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма. Површината на планскиот опфат изнесува 79,58ха.



### 3.4 Урбанистички план за село Норово, Општина Крушево

Границата на планскиот опфат на кој ќе се врши изготвувањето на урбанистичкиот план за село Норово е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма. Површината на планскиот опфат изнесува 70ха.



### 3.5 Урбанистички план за село Алданци, Општина Крушево

Границата на планскиот опфат на кој ќе се врши изготвувањето на урбанистичкиот план за село Алданци е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма. Површината на планскиот опфат изнесува 74,66ха.



### 3.6 Урбанистички план за село Врбоец, Општина Крушево

Границата на планскиот опфат на кој ќе се врши изготвувањето на урбанистичкиот план за село Врбоец е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма. Површината на планскиот опфат изнесува 44,93ха.



### 3.7 Урбанистички план за село Свето Митрани, Општина Крушево

Границата на планскиот опфат на кој ќе се врши изготвувањето на урбанистичкиот план за село Свето Митрани е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма. Површината на планскиот опфат изнесува 54,96ха.



### 3.8 Урбанистички план за село Пресил, Општина Крушево

Границата на планскиот опфат на кој ќе се врши изготвувањето на урбанистичкиот план за село Пресил е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма. Површината на планскиот опфат изнесува 59,98ха.



## 4. ПРОЕКТИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

### 4.1 Проект за инфраструктура за измена на траса на линиски инфраструкутрен објект утврдена во урбанистички план вон населено место за сообраќаен приклучок на индустриската зона ,,ОПАЛЕНИК” во КО Алданци, Општина Крушево со регионален пат Прилеп – Крушево.

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура, е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



**4.2 Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализациона мрежа во н.м. Саждево, Општина Крушево.**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа програма и истиот може да претрпи измени во зависност од теренските потреби за ваков тип на инфраструктура.



**4.3 Проект за инфраструктура за атмосферска и фекална канализација со пречистителна станица за н.м. Пресил, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа програма и истиот може да претрпи измени во зависност од теренските потреби за ваков тип на инфраструктура.



**4.4 Проект за инфраструктура за фекална и атмосферска канализација во н.м. Јакреново, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа програма и истиот може да претрпи измени во зависност од теренските потреби за ваков тип на инфраструктура.



**4.5 Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација со пречистителна станица за н.м. Борино, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа програма и истиот може да претрпи измени во зависност од теренските потреби за ваков тип на инфраструктура.



**4.6 Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација со пречистителна станица за н.м. Врбоец, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа програма и истиот може да претрпи измени во зависност од теренските потреби за ваков тип на инфраструктура.



**4.7 Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација со пречистителна станица за н.м. Св. Митрани, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа програма и истиот може да претрпи измени во зависност од теренските потреби за ваков тип на инфраструктура.



**4.8 Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација со пречистителна станица за н.м. Алданци, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа програма и истиот може да претрпи измени во зависност од теренските потреби за ваков тип на инфраструктура.



**4.9 Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба: Нов нисконапонски надземен вод низ КП бр. 1360/2, бр. 847, бр. 1351/2 и бр.874, КО Врбоец, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.




**4.10 Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба: Нов среднонапонски кабелски извод низ КП бр.3731, бр.5991, бр.8026, бр.7583, бр.7635 (КО Кривогаштани), КП бр.5985/1, бр.2237, бр.2240, бр.2241 и бр.2239/1 (КО Кривогаштани вон.грд), КП бр.1351/1 и бр.1365 (КО Врбоец) – Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



### 4.11 Проект за инфраструктура за реконструкција на дел од постојна улица "Партизанска" - КО Крушево, Општина Крушево

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.




### 4.12 Проект за инфраструктура за реконструкција на дел од постојна улица „Киро Фетак“ и дел од постојна улица „Нико Доага“- КО Крушево, Општина Крушево

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



**4.13 Проект за инфраструктура за изградба на општински пат од манастирот „Преображение“ до локалитетот „Ручало“, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа програма и истиот може да претрпи измени во зависност од теренските потреби за ваков тип на инфраструктура.



## 5. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

### 5.1 Урбанистички проекти во граница на плански опфат на Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место.

### 5.2 Урбанистички проект за изградба на општински пат од град Крушево до манастир Св.„Спас“ и Манстир Св.„Василиј“ - КО Крушево вон г.р., Општина Крушево

Границата на планско - проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на урбанистичкиот проект е прикажана во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа програма и истиот може да претрпи измени во зависност од теренските потреби за ваков тип на инфраструктура.



**5.3 Урбанистички проект за линиска инфраструктурна градба, патна инфраструктура под брана на Крушевско Езеро, Општина Крушево**

Границата на планско - проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на урбанистичкиот проект е прикажана во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа програма и истиот може да претрпи измени во зависност од теренските потреби за ваков тип на инфраструктура.




**5.4 Урбанистички проект за изградба на станица за компримиран природен гас со декомпресорска станица и цевковод за поврзување на спортска сала „Ѓорѓи Стојанов“ и СОУ „Наум Наумовски-Борче“, Општина Крушево**

Границата на планско-проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на урбанистичкиот проект е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



**5.5 Урбанистички проект за изградба на цевковод за поврзување на спортска сала „Ѓорѓи Стојанов“ со станица за компримиран природен гас со декомпресорска станица, Општина Крушево**

Границата на планско-проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на урбанистичкиот проект е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.




**5.6 Урбанистички проект за изградба на цевковод за поврзување на СОУ „Наум Наумовски-Борче“ со станица за компримиран природен гас со декомпресорска станица, Општина Крушево**

Границата на планско-проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на урбанистичкиот проект е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



**5.7 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела за комплекс на градби со намена А 4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 2134, КО Крушево вон град, Општина Крушево**

Границата на планско-проектниот опфат во кој ќе се врши изготвување на урбанистичкиот проект е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.

**5.8 Урбанистички Проект за линиска инфраструктурна градба за примарна гасоводна мрежа за град Крушево, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на урбанистичкиот проектот е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



**5.9 Урбанистички проект за водоводна мрежа со приклучоци до парцела и систем на мониторинг во заштитена целина Крушево**

Границата на планско-проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на урбанистичкиот проектот е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



**5.10 Урбанистички проект за технолошка, ПП вода, санитарна вода и мониторинг систем во и вон опфат на УПВНМ Станич до постоен резервар (КП 4485) КО Крушево**

Границата на планско-проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на урбанистичкиот проектот е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



**5.11 Урбанистички проект за изградба на пречистителна станица и поврзување со постојна фекална канализација за дел од викенд зона (Езеро) Крушево**

Границата на планско-проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на урбанистичкиот проект е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



**5.12 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2228, КП2229, КП 2230 и КП 2153 КО Крушево-вон град, Општина Крушево**

Границата на планско-проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на урбанистичкиот проект е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.




**5.13 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба со намена Е1.8 – Нов 10(20) kV кабелски вод низ КП бр. 1556, КП бр. 474/1, КП бр. 490 (КО Пуста Река) – Општина Крушево и нова БСТС 10(20)/0,4 kV; 160 kVA**

Границата на планско-проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на урбанистичкиот проект е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



Покрај наведените урбанистички планови и проекти, оваа Програма може да се дополнува врз основа на барања на правни и физички лица кои се спремни да иницираат и финансираат изработка на урбанистички планови.

За реализација на оваа програма на крајот на годината се изготвува извештај.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево“.

***Совет на Општина Крушево***
***Претседател,***
***Андреј Николоски***

_________________________